07.09.2017г.

## ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Слободанка Јовановска за текстот насловен „Новинарка на Макфакс го изнервира Борисов со прашање што мајка бара во Македонија за Илинден, Бојко фати да се расправа, Заев го тешеше и го гушна – не се секирај Бојко, нека е со среќа!“, објавен на интернет порталот Мактел (www.maktel.mk)**

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

Во текстот не е утврдено нарушување на професионалните стандарди

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 14 август 2017 година, Слободанка Јовановска поднесе жалба за текстот со наслов „Новинарка на Макфакс го изнервира Борисов со прашање што мајка бара во Македонија за Илинден, Бојко фати да се расправа, Заев го тешеше и го гушна – не се секирај Бојко, нека е со среќа!", објавен на 1 август 2017, на интернет порталот Мактел.

Во жалбата се наведува дека објавениот текст содржи говор на омраза, навреда и клевета. Во исто време, во жалбата се приложени и исечоци од навредливи коментари објавени на социјалната мрежа „FACEBOOK", кои се објавени од страна на уредникот на Мактел, а се однесуваат на жалителката.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот Мактел и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од Мактел одговорија на наводите на жалителот.

Сметаат дека во текстот нема никаква навреда, клевета и говор на омраза и дека станува збор за најблага критика кон некого што се случила на порталот Мактел.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината на прилогот е **НЕОСНОВАНА**

На седницата на 31 август 2017 година, Комисијата ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во наведениот текст. Таа, најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во него. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата констатираа дека во текстот нема прекршување на општите новинарски стандарди и дека авторот ги испочитувал начелата содржани во Кодексот на новинарите. Комисијата заклучи дека во прилогот нема доволно елементи кои можат да се окарактеризираат како говор на омраза, навреда или клевета, како што посочува жалителот.

Во продолжение, Комисијата ги разгледа и приложените извадоци од коментари, објавени на „FACEBOOK", кои се однесуваат на жалителката. Членовите на Комисијата утврдија дека и покрај евидентните навредливи коментари, согласно Правилникот за работа, не се надлежни за содржини објавени на социјалните мрежи. Од друга страна, со оглед на тоа што коментарите можат лесно да поттикнат навреди и говор на омраза, Комисијата за

жалби ги повикува новинарите да внимаваат на културата на говорот и на социјалните мрежи. .

Најпосле, новинарот треба да ги чува угледот и достоинството на својата професија, да ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски, Филип Ѓурчиновски и Беким Ајдини.

**Се обврзува интернет порталот Мактел (www.maktel.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595